# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **м а ј, 2025**




**Скопје, 17.06.2025**

**Содржина:**


*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАЈ, 2025* 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 6

*ГРИП* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 7

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО МАЈ, 2025*

Во текот на мај 2025 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно 902 заболени лица од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со вкупна инциденца од 49,1 на 100.000 жители.

Во текот на месец мај се бележи намалување на вкупниот број на заболени лица за 20,0% во однос на претходниот месец април 2025 (n=1.127). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 31,0% (n=1.307), а во однос на мај 2024, се бележи намалување за 35,3% (n=1.395). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец мај учествуваат со 21,3%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=4.227) е за 35,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=6.506).

***Графикон 1**: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=389; 43,1%%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=7; 0,8%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=72,8/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=5,5/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Кратово (I=318,1/100.000). Седум ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Демир Хисар, Неготино, Делчево, Дебар, Мак. Брод, Валандово и Гостивар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во мај, 2025*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во мај учествуваат со 98,2% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 48,2/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во мај, 2025*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Овчи сипаници** | **445** | **24.2** |
| **Ентероколитиси** | **313** | **17.0** |
| **Салмонелози** | **47** | **2.6** |
| **Шуга** | **34** | **1.9** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **13** | **0.7** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **13** | **0.7** |
| **Скарлатина** | **11** | **0.6** |
| **Кампилобактериоза** | **4** | **0.2** |
| **Инфекции со Хламидија** | **4** | **0.2** |
| **Сифилис** | **2** | **0.1** |
| ***Вкупно*** | ***886*** | **48,2** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=758), учествуваат со 84,0% во вкупниот број на заболени, а со 85,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец мај 2025 година.

Во текот на мај, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 445 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 49,3%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 50,2%.

Во однос на претходниот месец април 2025 (n=575), се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 22,6%, во однос на месец мај 2024 (n=837) се регистрира намалување за 46,8%, како и во однос на аритметичката средина (n=678) каде се регистрира намалување за 34,4%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=2.238), пријавените случаи во мај учествуваат со 19,9%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=4.227), овчи сипаници учествуваат со 52,9%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=2.238) е за 45,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=4.071).

На второ место по број на пријавени заболени во месец мај се **ентероколити**, со 313 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 34,7%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 35,3%.

Во однос на претходниот месец април 2025 (n=399), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од ентероколити од 21,6%, додека во однос на месец мај 2024 (n=270) се регистрира зголемување за 15,9%.

Во однос на аритметичката средина (n=404) се регистрира намалување за 22,5%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=1.320), пријавените случаи во мај учествуваат со 23,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=4.227), ентероколитите учествуваат со 31,2%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2025 (n=1.320) е зголемен за 19,8% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=1.102).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во мај, најголем број (n=476) припаѓаат на **капкови заболувања** (52,8%; I=25,9/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=445; 93,5%) и инциденца (I=24,2/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 13 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 11 случаи на скарлатина (I=0,6/100.000), по 2 случаи на голема кашлица и пнеумококни инфекции, и по еден случај на заразни заушки, легионерска болест и менингококна болест.

Во месец мај, пријавени се 379 случаи (42,0% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 20,6/100.000. Од нив, најголем број, (n=313; 82,6%) и инциденца (I=17,0/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се 47 случаи на салмонелози (I=2,6/100.000), 13 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,7/100.000), 4 случаи на кампилобактериоза и два случаи на листериоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во мај се регистрирани 37 случаи (4,1%; I=2,0/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 34 се случаи на шуга (91,9%; I=1,9/100.000), 2 случаи на бактериски менингит и еден случај на вирусен менингитис.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 8 заболени лица (0,9%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на инфекција со Хламидија, два случаи на сифилис, и по еден случај на вирусен Хепатитис Б и гонореа. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец мај регистрирани се 2 случаи на лајшманиоза. *(Графикон 3)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во мај, 2025***



### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец мај, пријавени се три случаи потврдени на ХИВ и два случаи на СИДА, четири од машки пол и едно лице од женски пол, кои припаѓаат на возрасната група од 20-59 години. Регистриран е еден смртен случај од СИДА, претходно, пријавен како заболен во 2023 година. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.05.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 706, и тоа:

- 135 лица починале,
- 567 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец мај 2025 регистрирани се 6 случаи со инциденца од 0,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистриран е еден случај на вирусен хепатитис Б кој според возраста не подлежи на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не е вакциниран против оваа болест. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Пријавен е еден случај на заразни заушки од Тетово, дете на 6-годишна возраст кое не е вакцинирано со МРП вакцина. Болеста е докажана клинички.

Во групата на вакцино-превентабилни болести, пријавени се два случаи на голема кашлица, од Скопје. Од ново пријавените случаи, еден е дете на 9-месечна возраст, вакцинирано со две дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица, додека вториот случај е возрасно лице на 57- годишна возраст со непознат вакцинален статус. Двата случаи се лабораториски докажани.

Пријавени се и два случаи на инвазивна пневмококна инфекција со дијагноза пневмококен менингитис односно менингоенцефалитис. Првиот случај е на возраст од 13 години, а вториот на возраст од 47 години. Двајцата според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ, и не се вакцинирани против оваа болест. Дијагнозата е лабораториски потврдена.

### *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец мај, пријавени се вкупно 6 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец април кога беа пријавени 8 случаи и месец мај 2024 кога се регистрирани 12 случаи.

Од заболените во мај 2025, три случаи се од Скопје, два случаи од Тетово и еден случај од Битола.

Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, две лица припаѓаат на возрасната група 0-9 години, едно лице припаѓа на возрасната групи од 30-39 години и три лица се на возраст од 50-59 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец мај, се тестирани вкупно 653 материјали за 21,5% помалку во однос на минатиот месец (n=832).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.05.2025, пријавени се вкупно 352.111 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.170,9/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

### *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец мај 2025 година, до ИЈЗ не е пристигната пријава за епидемија на заразна болест.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец мај, **регистрирани се два смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

Првиот случај е лице починато во април, но Пријавата за смрт од заразна болест е пристигната во мај. Станува збор за лице на возраст од 47 година, од машки пол со Dg. Meningoencephalitis pneumococcica од Струмица. Лицето е хоспитализирано на КИБФС на 20.04.2025, а починало на 26.04.2025 година.

Вториот случај е лице од машки пол, од Прилеп, заболено и пријавено во април. Станува збор за лице на возраст од 78 години, со Dg. Meningoencephalitis, со пропратни коморбидитети. Пациентот бил хоспитализиран на КИБФС на 21.04.2025, а починал на 18.05.2025 година. Во ликворот на пациентот е детектирана Listeria monocytogenes.

## *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS (https://erviss.org/) за 22 недела (26.05-01.06.2025), ниту една земја од Европскиот регион на СЗО не пријавила стапки на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) над основните нивоа. Сезоната на грип 2024/25 година заврши, а активноста на грип е на меѓусезонско ниво. Позитивноста на RSV, во сентинел надзорот се намалува во споредба со пикот достигнат кон крајот на декември, и е на меѓусезонско ниво. Процентот на позитивност на SARS-CoV-2 во сентинел надзорот на примарна и секундарна здравствена заштита се зголемува во последните недели, но бројот на детекции и тестови останува низок.

Во мај, на групни пријави за грип во РСМ, пријавени се вкупно 158 заболени лица (I=8,6/100.000). Од нив најголем број на заболени се регистрирани во ЦЈЗ Скопје (n=53), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Валандово (I=180,8/100.000).

Во текот на мај, не се пријавени смртни случаи асоцирани со грип.

Од почетокот на сезоната 2024/25, во Р.С. Македонија, заклучно со 20-та недела 2025[1], пријавени се вкупно 26.040 случаи (I=1.417,8/100.000) на грип/заболувања кои личат на грип. Од нив,најголем број на заболени (n=7.030) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (5.550,9/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) - 14.958 случаи (57,4%), а највисока инциденца (3.099,8/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=2.992).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.228 материјали од здравствени установи од рутинскиот и сентинел надзорот. Во нив, детектирани се 286 позитивни случаи на грип, 10 позитивни случаи на SARS-CoV-2 и 106 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV). Во однос на вирусот на грип, доминира тип А со 60,5% застапеност во испитуваните примероци, со 68,2% присуство на Influenza A(H3) субтипот. Во однос на респираторниот синцицијален вирус (RSV), доминира RSV-A со 67,0% застапеност во испитуваните примероци.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на мај, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 902 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=645; 71.5%) и ЦЈЗ Куманово (n=68; 7,5%). (*Табела 4 во Прилог)*.

[1] https://www.iph.mk/mk/news/index/1567

Најчесто пријавувани причинители во месец мај се: *MRSA(n=214; 24,1%), HPV (174; 19,3%) и Salmonella enteritidis (88; 9,8%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* Proteus mirabillis ESBL, Enterobacter cloacae, Enterococcus spp (VRE), Escherchia coli, Escherchia coli, ESBL, Klebsiella pneumoniae ESBL, Acinetobacter baumannii, Listeria Monocytogenes и Salmonella enteritidis.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Велес и ЦЈЗ Струмица.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец мај, ***пристигнати се две пријави*** за заразно заболување за гастроентероколит и сифилис кај странски државјани од Турција и Германија кои привремено престојуваат во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***